Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 10-2257/2
03-08-2022 2022 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk

Врз основа на член 55 став (6), а во согласност со член 54, 55 и 56 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на болеста африканска чума кај свињите (Службен весник на Република Македонија бр. 91/12 и 128/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за контролни и заштитни мерки во однос на болеста африканска чума кај свињите

1. Врз основа на лабораториските наоди добиени од Ветеринарен Институт при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје број 1323-6007/2 од 26.07.2022 и 1323-6008/2 од 26.07.2022 година со кој е потврдена болеста африканска чума кај свињите во одгледувалиштето со РБО 117004126 во населено место Моштица, општина Македонска Каменица се прогласува присуство на болеста африканска чума кај свињите во Република Северна Македонија.
2. Врз основа на епидемиолошката состојба со болеста африканска чума кај свињите, се прогласуваат следните зони:

2.1 **Заштитна зона** околу потврденото жариште која ги вкучува населени места **Моштица, Македонска Каменица, Косевица, Саса, Цера, Луковица и Костин Дол** во општина **Македонска Каменица**.

2.2 **Зона под надзор** во радиус од 10 километри околу жариштето каде болеста е потврдена ги опфаќа населените места во општините:
- **Виница со населеното место Калиманци.**
- **Кочани со населените места Пресека, Небојани, Главовица, Костин Дол, Безиково и Ново Село,**
- **Делчево со населените места Илиово и Вратиславци.**
- **Македонска Каменица со населените места Дулица, и Тодоровци.**

2.3. **Високо ризична зона** во која влегуваат сите општини во пограничната линија со Република Бугарија и Република Србија.

3. Во заштитната зона околу потврдените жаришта се спроведуваат следните мерки:

3.1 Попис на сите одгледувалишта на свињи и идентификација на сите свињи на одгледувалиштето во рок од пет дена. Надележните ветеринарни друштва треба да извршат попис на свињите. Официјалниот ветеринар треба да изврши контрола на сите одгледувалишта кои се лоцирани во заштитната зона како и контрола на регистарот на свињи и

идентификационите ознаки во согласност со Законот за идентификација и регистрација на животните. Внесот на податоците во ИСАХВ да се направи веднаш по извшениот попис на одгледувалиштата но не подоцна од 24 часа.

3.2 Спроведување на епидемиолошко испитување во сите заразени и сомнителни одгледувалишта на свињи за да се утврди можниот извор и ширење на болеста.

3.3 Одземање, убивање и нештетно отстранување (депопулација) на сите свињи кои се наоѓаат во заштитната зона. Од одземените свињи ќе се земаат мостри за лабораториско испитување.

3.4 Нештетно отстранување на опремата која не може да се дезинфицира - слама, храна и шталско ѓубре како и кујнскиот отпад - помии.

3.5 Чистење, дезинфекција и дезинсекција на објектите, просториите, опремата и возилата кои влегуваат и излегуваат од одгледувалиштата со приемчиви животни. Забрането е користење на возила кои биле користени за превоз на било какви животни без претходно чистење, дезинфекција и контрола од официјален ветеринар.

3.6 Запазување на биосигурносни мерки, користење на облека и обувки за еднократна употреба или промена на облека и обувки при влегување во објектот и редовно чистење, дезинфекција и дезинсекција на облеката и обувките за повеќекратна употреба согласно упатството за спроведување на биосигурносни мерки за заштита при влез и излез на сомнително или заразено одгледувалиште.

3.7 Задолжително пријавување на секој сомнеж на болест или угинување кај приемчивите животни до надлежното ветеринарно друштво или официјален ветеринар во рок не подолг од 24 часа.

3.8 Се забранува движење и превоз на свињите во и од сите одгледувалишта од заштитната зона и транзит на свињи низ заштитната зона.

3.9 Забрана за чување свињи на отворено. Сите свињи кои ќе се затекнат на отворено ќе бидат одземни и нештетно отстранети на товар на сопственикот на животните без надомест.

4. Во зоната под надзор од точка 2.2 на ова решение се спроведуваат следните мерки:

4.1 Попис на сите одгледувалишта на свињи и идентификација на сите свињи на одгледувалиштето во рок од 15 дена. Надележните ветеринарни друштва треба да извршат клинички преглед и попис на свињите. Официјалните ветеринари треба да извршат контрола на сите одгледувалишта кои се лоцирани во зоната под надзор како и контрола

на регистарот на свињи и идентификационите ознаки во согласнот со Законот за идентификација и регистрација на животните.

4.2 Забрана за чување свињи на отворено. Сите свињи кои ќе се затекнат на отворено ќе бидат одземни и нештетно отстранети на товар на сопственикот на животните без надомест. Доколку свињите се чуваат во објект со испуст, објектот мора да биде обезбеден со двојна ограда. Растојанието помеѓу двете огради треба да биде најмалку еден метар.

4.3 Се забранува движење и превоз на свињите во и од сите одгледувалишта од зона под надзор и транзит на свињи низ зоната под надзор, освен доколу се испраќаат на колење. Пред да бидат натоварени животните треба да бидат клинички прегледани вклучувајќи и мерење на телесна темепратура и водење на евиденциски листи при што не треба да покажуваат знаци на присуство на болест. Од закланите свињи треба да се земат примероци за лабораториско испитување за утврдување на присуство на африканската чума кај свињите.

4.4 Свежото месо, подготовките од месо и производите од месо, како и нус - производи добиени од диви приемчиви животни не смее да доаѓаат во контакт со домашни приемчиви животни. Лицата кои биле во ловиштата и имале контакт со диви приемчиви животни не смее да имаат контакт со домашни свињи најмалку 48 часа после посета во ловиштето.

4.5 Запазување на биосигурносни мерки, користење на облека и обувки за еднократна употреба или промена на облека и обувки при влегување во објектот и редовно чистење и дезинфекција на облеката и обувките за повеќекратна употреба согласно упатството за спроведување на биосигурносни мерки за заштита при влез и излез на сомнително или заразено одгледувалиште.

4.6 Се забранува превоз и транзит на свињи низ зоната под наздор од останатата територија на земјата.

4.7 Забрана за лов во следните ловишта;

<u>Ловишта за ситен дивеч</u>:

Реон Делчево:

ловиште бр.6 Киселица,

ловиште бр.5 Вратиславци

Реон Виница:

ловиште бр.3 Драгобраште и

ловиште бр.4 Виница

Ловишта за крупен дивеч:

Реон Делчево:

ловиште бр.4 Бигла,

ловиште бр. 1 Каменица

Реон Виница:

ловиште бр.2 Осојница и

Реон Кочани:

ловиште бр.2 Главовица

ловиште бр.1 Полаки

Реон Крива Паланка

ловиште бр.4 Руен

Концесионерите на овие ловишта се должни еднаш неделно да вршат пребарување на ловиштата за пронаоѓање на угинати диви свињи, земање на мостри од истите и нештено отстранување на угинатите диви свињи. Пронајдените угинати диви свињи да се пријават кај надлежниот официјален ветеринар.

4.8 Повторно населување (репопулација) во одгледувалиштата на свињи во заштитната зона и зоната под надзор е дозволено по укинување на наредените мерки за контрола и ерадикација на болеста, само во одгледувалишта категоризирани со низок и среден ризик по претходно издадено решение од официјален ветеринар. Доколку се утврди дека е вршена репопулација пред укинување на наредените мерки или репопулацијата е извршена во нерегистрирани одгледувалишта односно одгледувалишта кои се категоризирани со висок ризик во однос на воспоставени биосигурносни мерки како и доколку се затекнат свињи без доказ за потеклото (неидентификувани и без сертификат за здравствена состојба) ќе се изврши одземање, убивање и нештетно отстранување на свињите без надомест, на товар на одгледувачот.

5. Во високо ризичната зона и на целата територија на Република Северна Македонија се спроведуваат следниве мерки:

5.1 Во сите одгледувалишта на свињи задолжително спроведување надзор согласно Одлуката за спроведување на надзор на Африканска чума кај свињите, а

големите комерцијални фарми од секоја угината свиња (товеник, маторица, нерез и назимка) се должни да испратат примероци на лабораториско испитување (вирусолошко) на присуство на африканска чума кај свињите. Тестирањето е на товар на одгледувачите.

5.2 Концесионерите на ловиштата се должни еднаш неделно да вршат пребарување на ловиштата за пронаоѓање на угинати диви свињи, земање на примероци од истите и нештетно отстранување на труповите и остатоците од труповите на диви свињи со пријавување до надлежните официјални ветеринари. Трошоците за лабораториско испитување се на товар на АХВ.

Ловните друштва се должни да доставуват извештај за резултатот од пребарувањето на ловиштето до надлежниот официјален ветеринар во рок од 24 часа.

5.3 Се забранува прихранување на дивите свињи.

5.4 Се забранува работа на добиточни пазари за сите приемчиви животни, одржување на изложби или други настани со присуство на животни од видот свињи на целата територијата на Република Северна Македонија.

5.5 Забрана за држење на свињи на отворено. Сите свињи кои ќе се затекнат на отворено ќе бидат одземни и нештетно отстранети на товар на сопственикот на животните без надомест. Доколку свињите се чуваат во објект со испуст, објектот мора да биде обезбеден со двојна ограда. Растојанието помеѓу двете огради треба да биде најмалку еден метар.

5.6 Секое колење на свињите за сопствени потреби во домашни услови задолжително да се пријави до надлежното ветеринарно друштво и до официјален ветеринар за преглед на месото и органите.

5.7 Повторно населување (репопулација) во одгледувалиштата на свињи е дозволено по укинување на наредените мерки за контрола и ерадикација на болеста, само во одгледувалишта категоризирани со низок и среден ризик по претходно издадено решение од официјален ветеринар. Доколку се утврди дека е вршена репопулација пред укинување на наредените мерки или репопулацијата е извршена во нерегистрирани одгледувалишта односно одгледувалишта кои се категоризирани со висок ризик во однос на воспоставени биосигурносни мерки како и доколку се затекнат свињи без доказ за потеклото (неидентификувани и без сертификат за здравствена сосотојба) ќе се изврши одземање, убивање и нештетно отстранување на свињите без надомест, на товар на одгледувачот.

6. Со влегување во сила на ова решение престанува да важи решението бр. 10-2257/1 од 26.07.2022 година.

7. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на лабораториските наоди добиени од Ветеринарен Институт при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје број 1323-6007/2 од 26.07.2022 и 1323-6008/2 од 26.07.2022 година со кој е потврдена болеста африканска чума кај свињите во одгледувалиште со РБО 117004126 решено е како во диспозитивот на ова решение.

**в.д. Директор,**

**Николче Бабовски**

Изработил: Грета Николовска
Контролирал: Симо Костов
Миленко Симовиќ
Одобрил: Вања Кондратенко

ДОСТАВЕНО ДО:
ПЕ на АХВ
Надлежни Ветеринарни друштва
Официјални ветеринари
Ловечка Федерација на Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостаопанство, МЗШВ